Машина за перење-сушење

Упатство за употреба



HTV 7633 X00

MK

номер документа = 2820525154_MK/27-11-17.(16:27)

Прочитајте го ова упатство прво!

Почитуван потрошувачу,

Ви благодариме што избравте производ на Beko Се надеваме дека производот ќе ви служи најдобро за намената за која е произведен со висок квалитет и со врвна технологија. Затоа, внимателно прочитајте ги целото упатство за употреба и сите други придружни документи пред да започнете да го користите производот и зачувајте го за идни консултации. Ако го давате производот на некој друг, дајте му го и упатството за употреба. Следете ги сите предупредувања и информации во ова упатство за употреба.

Следните симболи се употребени во ова упатство за употреба:

ОПАСНОСТ!

Предупредување за електричен удар.

ОПАСНОСТ!

Предупредување за тежината на производот

ВНИМАНИЕ

- **Предупредување за опасни ситуации во однос на животот и имотот.**

ПРЕТПАЗЛИВОСТ

- Мерки на претпазливост што треба да се преземат.

ИНФОРМАЦИЈА

- *Важни информации или корисни совети за употреба.*

Овој производ е произведен со помош на најнова технологија во еколошки услови.

	• *Прочитајте го упатството за употреба*
	• *Пакувањето на производот е произведено од рециклирачки материјал во согласност со регулативите.* • *Не фрлајте го материјалот за пакување заедно со домашниот или друг отпад. Однесете го во собирен центар наменет за материјали за пакување што го посочуваат локалните надлежни органи.*
	• *Allergy UK е работно име за Британското здружение за алергии. Нивното главно одобрување е „Печат за одобрение“. Кога ќе видите производ со ова лого на него, тогаш сте сигурни дека производот е научно тестиран за да се докаже дека е ефикасен при намалување/отстранување алергени во средина каде има лица што страдаат од алергии и астма или производи коишто значително го намалуваат присуството на алергени/хемиски состојки.*

„Циклусот за перење волна на оваа машина за перење е одобрен од страна на The Woolmark Company за перење волнени производи што може да се перат во машина, под услов производите да се перат во согласност со упатствата на етикетата од алиштата и упатствата на производителот на оваа машина за перење.
M14130 “
„Во Велика Британија, Ирска, Хонгконг и Индија трговската марка Woolmark е трговска марка со ознака за сообразност на производот.“

СОДРЖИНА

1 Важни упатства за безбедноста и животната средина 7

1.1 Општа безбедност 7
1.1.1 Електрична безбедност 7
1.1.2 Безбедност на производот 8
1.1.3 Предупредувања за сушење 10
1.2 Наменета употреба 13
1.3 Безбедност на децата 14
1.4 Усогласеност со директивата за WEEE и фрлање на производот 14
1.5 Информации за пакувањето 15

2 Машина за перење-сушење 16

2.1 Краток опис 16
2.2 Содржина на пакувањето 17
2.3 Технички спецификации 18

3 Монтажа 19

3.1 Соодветна локација за поставување 19
3.2 Вадење на потпорите во пакувањето 20
3.3 Вадење на транспортните брави 20
3.4 Поврзување на доводот за вода 21
3.5 Поврзување со одвод 22
3.6 Прилагодување на ногарките 23
3.7 Поврзување на електриката 24
3.8 Транспорт на производот 25

4 Подготовка 26

4.1 Сортирање на алиштата 26
4.2 Подготовка на алиштата за перење 27
4.3 Совети за заштеда на струја 28
4.4 Прва употреба 29
4.5 Соодветен капацитет на полнење 29
4.6 Полнење со алишта 30
4.7 Употреба на детергент и омекнувач 30
4.7.1 Фиока за детергент 31
4.7.2 Детергент, омекнувач и други средства за чистење 31
4.7.3 Избор на вид детергент 31
4.7.4 Прилагодување на количината детергент 32
4.7.5 Употреба на омекнувачи 32
4.7.6 Употреба на течни детергенти 32
4.7.6.1 Ако производот содржи капаче за течен детергент 32
4.7.6.2 Ако производот не содржи капаче за течен детергент 33
4.7.7 Употреба на детергент во гел и таблети 33
4.7.8 Употреба на средство за штиркање 33
4.7.9 Употреба на белила 33

4.7.10 Употреба на отстранувач на бигор....34
4.8 Совети за ефикасно перење....35
4.9 Совети за правилно сушење....36

5 Ракување со производот 37

5.1 Контролен панел....37
5.2 Симболи на екранот....38
5.3 Подготовка на машината....38
5.4 Избор на програма за перење....39
5.5 Програми за перење....39
Cottons (памук)....40
Synthetics (синтетика)....40
Woollens (волна)....41
Cottons Eco (памук економично)....41
Delicates (деликатно)....41
Hand Wash (рачно перење)....41
Daily Xpress (дневно брзо перење)....42
Xpress Super Short (многу кратко и брзо перење)....42
Shirts (кошули)....42
Rinse (плакнење)....43
Spin+Drain (центрифуга и цедење)....43
5.6 Избор на температура....43
5.7 Избор на брзина на центрифугата....44
5.7.1 Ако сакате да ги центрифугирате алиштата по функцијата за задржано плакнење:....45
5.7.2 Избор на дополнителна функција за сушење....46
5.8 Програми за сушење....46
Synthetic Dry (сушење синтетика)....47
Cotton Dry (сушење памук)....47
5.9 Програми за перење и сушење....48
5 Kg Wash & Dry (5 кг перење и сушење)....48
Wash & Wear (Пери и носи)....48
BabyProtect+ Wash & Dry (антиалергиско перење и сушење)....49
5.10 Табела за програми и потрошувачка....50
5.11 Избор на дополнителна функција....53
предперење....54
брзо перење....54
дополнително плакнење....54
Сушење....55
5.12 Фази на сушење....55
5.12.1 Исушено за пеглање....55
5.12.2 Исушено за диплење....55
5.12.3 дополнително сушење....55
5.12.4 Временски ограничено сушење....55
5.13 Екран за време....56

5.14 Време за крај 56
5.15 Вклучување на програмата 58
5.16 Заклучување на вратата за полнење 58
5.17 Менување на изборот откако ќе се вклучи програма 58
5.17.1 Додавање алишта откако ќе се вклучи програма: 58
5.17.2 Префрлување на машината во режим за паузирање: 59
5.17.3 Менување на изборот на програмата по вклучување на програма: 59
5.17.4 Менување дополнителна функција, брзина на центрифуга и температура 59
5.18 Заштита за деца 59
5.18.1 За да ја активирате заштитата за деца: 60
5.18.2 За да ја дезактивирате заштитата за деца: 60
5.19 Откажување програма 60
5.20 Крај на програмата 61
5.21 Машината е опремена со „Режим за мирување“. 61

6 Одржување и чистење 62

6.1 Чистење на фиоката за детергент 62
6.2 Чистење на вратата и на барабанот 62
6.3 Чистење на куќиштето и на контролниот панел 63
6.4 Чистење на филтрите за довод на вода 64
6.5 Испуштање на преостанатата вода и чистење на филтерот на пумпата 64

7 Решавање проблеми 67

1 Важни упатства за безбедноста и животната средина

Ова поглавје содржи безбедносни упатства и ќе ви помогне да се заштитите од ризикот за лична повреда или оштетување на имотот. Непочитувањето на овие упатства ја поништува гаранцијата.

1.1 Општа безбедност

ВНИМАНИЕ

- **Овој производ може да го користат дена над 8-годишна возраст и лица чиишто физички, чувствителни или ментални способности не се докрај развиени или лица кои немаат доволно искуство или познавања само ако се под надзор на лице кое е знае како безбедно да го користи производот и ги знае можните ризици. Децата не смее да си играат со производот. Чистењето и одржувањето не смее никогаш да го вршат деца, освен ако не се под надзор на друго лице. Деца помали од 3 години треба да се држат настрана освен ако не се под постојан надзор.**

ВНИМАНИЕ

- Никогаш не ставајте го производот на под што е покриен со тепих. Недостаток на проток на воздух под машината ќе предизвика прегревање на електричните делови. Ова ќе предизвика проблеми кај вашиот производ.

ИНФОРМАЦИЈА

- *Постапките за поставување секогаш мора да ги извршува стручно лице. Производителот нема да биде одговорен за штети што би се појавиле од постапки што ги спровеле неовластени лица.*

1.1.1 Електрична безбедност

ОПАСНОСТ!

Ако производот има дефект, не треба да се вклучува освен ако не бил поправен во овластен сервис. Постои ризик од електричен удар!

Никогаш не мијте го производот со истурање вода врз него! Постои ризик од електричен удар!

Важни упатства за безбедноста и животната средина

ВНИМАНИЕ

- **Ако кабелот за напојување со ел. енергија е оштетен, истиот мора да го смени производителот, центарот за грижа за корисници или соодветно квалификувано лице (се претпочита електричар) или некој кого го овластил увозникот со цел да се избегнат можните ризици.**

ПРЕТПАЗЛИВОСТ

- Исклучете го производот од струја ако не е во употреба.
- Никогаш не допирајте го приклучокот со мокри раце! Никогаш не извлекувајте го приклучокот со влечење за кабелот, секогаш извлекувајте го со фаќање на самиот приклучок.
- Производот треба да се исклучи од струја за време на инсталација, одржување, чистење или поправка.
- Не поврзувајте преку продолжни кабли или повеќенаменски приклучоци.

ИНФОРМАЦИЈА

- *Овој производ е дизајниран за продолжи со работа кога ќе дојде струја по нејзино снемување. Ако сакате да откажете програма, видете го поглавјето „Откажување програма“.*

1.1.2 Безбедност на производот

ОПАСНОСТ!

Никогаш не отворајте ја вратата за полнење и не вадете го филтерот додека има вода во барабанот. Во спротивно, постои ризик од поплава и повреда од врела вода.

ВНИМАНИЕ

- **Доводот на вода и цревата за довод мора да се цврсто затегнати и неоштетени. Инаку, постои ризик од протекување вода.**

ИНФОРМАЦИЈА

- *Не отворајте ја насила заклучената врата за полнење. Вратата може да се отвори неколку минути по завршувањето на циклусот за перење. Вратата за полнење не може да се отвори ако машината не е доволно изладена. Не отворајте ја сосила заклучената врата за полнење. Мора да ја оставите да се излади. Вратата за полнење и механизмот за заклучување може да се оштетат.*
- *Не смее да има никакви врати на заклучување, лизгање или со шарки, кои би можеле да го попречат целосното отворање на вратата на местото каде што е поставен овој производ.*
- *Следете ги упатствата на етикетите на алиштата и на пакувањето на детергентот.*
- *Користете само детергенти, омекнувачи и додатоци што се соодветни за машини за перење алишта.*
- *Не монтирајте го и не оставајте го овој производ на места каде што би можел да биде изложен на атмосферски влијанија.*
- *Контролите не смеат да бидат попречени.*

1.1.3 Предупредувања за сушење

ОПАСНОСТ!

Алиштата што претходно биле чистени, перени, извалкани или замастени со нафта/плин, растворувачи за хемиско чистење или други запаливи или експлозивни супстанци не смеат да се сушат во машината бидејќи ќе испуштаат запалива или експлозивна пареа. Во спротивно, може да се предизвика пожар.

Алиштата што се извалкани со супстанци како зејтин, ацетон, алкохол, бензин, керозин, средства за вадење дамки, терпентин, восоци и отстранувачи на восок треба да се перат во жешка вода со многу детергент пред да се сушат. Во спротивно, може да се предизвика пожар.

Гума од пена (пена од латекс) капи за туширање,водоотпорен текстил, алишта или навлаки со гумени делови или подлошки од гумена пена не смее да се сушат со функцијата за сушење. Во спротивно, може да се предизвика пожар.

Ако користите топка за перење, дозер за детергент, мрежи и топки за алиштата, тие може да се стопат во текот на сушењето. Не користете ги овие производи ако имате избрано опција за сушење. Во спротивно, може да се предизвика пожар.

Не користете ја функцијата за сушење кога користите индустриски хемикалии за чистење. Во спротивно, може да се предизвика пожар.

Важни упатства за безбедноста и животната средина

ОПАСНОСТ!

Не допирајте ја вратата за полнење со голи раце по сушењето. Постои ризик од опекотини.

За да ги одржите алиштата на температура што ќе спречи нивно оштетување, се спроведува чекорот на ладење како последна фаза. Ќе се изложите на врела пареа ако ја отворите вратата пред да заврши фазата на ладење. Постои ризик од попарување!

Ако ги прекинете програмите за сушење (ако ја откажете програмата или ако снема струја), алиштата во машината ќе бидат врели. Внимавајте.

ВНИМАНИЕ

- **Не исклучувајте ја машината пред да заврши програмата за сушење. Ако треба да ја исклучите машината, извадете ги сите алишта и распостелете ги на соодветно место за да се изладат.**
- **Производот може да се користи при температури во средината меѓу 0°C и +35°C.**
- **Температурите во средината меѓу 15°C и +25°C се идеални работни температури за производот.**
- **Не дозволувајте миленичињата се седат под производот. Проверете ја внатрешноста на производот пред да го користите.**
- **Не преполнувајте ја машината прекумерно кога треба да сушите. Почитувајте ги упатствата за максимални количини алишта за сушење.**

Важни упатства за безбедноста и животната средина

ПРЕТПАЗЛИВОСТ

- Не сушете кожна облека или облека што има делови од кожа (како кожна етикета на јакни). Бојата од кожните делови ќе го уништи текстилот.
- Исклучете ја машината во случај на дефект што не може да се отстрани постапувајќи според информациите дадени во упатствата за безбедност, откачете ја од струја и повикајте овластен сервисер.
- Може само да перете алишта, само да сушите алишта или да перете и сушите алишта во машината за перење-сушење. Машината не смее да се користи само за сушење мокри алишта долг период. Која ја користите машината само за сушење, мора да се вклучи празна без алишта со кратка програма за перење на секои 15 операации.
- Проверете ги сите алишта пред да ги ставите во машината и уверете се дека немаат запалки, парички, метални парчиња, шпенадли во џебовите или од внатрешната страна.
- Долна облека со метални додатоци не смее да се суши во машина. Металните делови може да излезат во текот на сушењето и да ја оштетат машината. Ставете ги во вреќичка или навлака за перница.
- Не сушете големи количини како завеси од тул, обични завени, постелнина, ќебиња или простирки во машината. Може да се оштетат.

ИНФОРМАЦИЈА

- *Не сушете неперана облека во машината.*
- *Не користете омекнувачи за ткаенини или производи против статички електрицитет освен ако не ги препорачуваат нивните производители.*
- *Производите како што се омекнувачите за ткаенини мора да се користат согласно упатствата на производителот.*
- *Не сушете чувствителна облека, како на пример свила, волна и слично во машината. Во спротивно, волнената облека ќе се стутка, а другите чувствителни алишта да се оштетат.*
- *Проверете ги симболите на етикетата на алиштата пред перење и сушење.*

1.2 Наменета употреба

ИНФОРМАЦИЈА

- *Овој производ е наменет за домашна употреба. Не е соодветен за комерцијална употреба и не смее да се користи надвор од наменетата употреба.*
- *Овој производ мора да се користи само за перење, плакнење и сушење текстилни производи што се соодветно означени.*
- *Производителот ги отфрла сите одговорности што произлегуваат од неправилна употреба и транспорт.*
- *Периодот на употреба на овој производ е 10 години. Оригиналните резервни делови ќе бидат достапни во текот на овој период за да се обезбеди правилна работа на машината.*

1.3 Безбедност на децата

ВНИМАНИЕ

- **Децата под 3-годишна возраст мора да се држат подалеку од машината освен ако не се под постојан надзор.**
- **Материјалот од пакувањето е опасен за децата. Чувајте го на безбедно место и подалеку од дофатот на децата.**
- **Електричните производи се опасни за децата. Држете ги децата подалеку од производот додека работи. Не дозволувајте им да играат со производот. Користете ја функцијата за заштита за деца за да ги спречите да си играат со производот.**
- **Не заборавајте да ја затворите вратата за полнење кога ја напуштате просторијата каде е сместен производот.**
- **Чувајте ги сите детергенти и адитиви на безбедно место, подалеку од дофатот на децата на тој начин што ќе го затворите капакот на садот во кој го чувате детергентот или ќе го залепите пакувањето со детергент.**

1.4 Усогласеност со директивата за WEEE и фрлање на производот

- Овој производ не содржи штетни или забранети материјали како што е посочено во „Регулатива за контрола на електрична и електронска опрема“ Усогласен е со Директивата за отпадна електрична и електронска опрема - WEEE.



Овој производ е произведен со многу квалитетни делови и материјали коишто може повторно да се употребат и се соодветни за рециклирање. Затоа, не фрлајте го производот со нормалниот домашен отпад кога нема повеќе да го користите. Однесете го во собирен центар за рециклирање на електрична и електронска опрема. Консултирајте ги локалните надлежни тела за да дознаете каде е најблискиот собирен центар. Помогнете во заштитата на животната средина и природните ресурси со рециклирање на искористените производи. Исечете го кабелот за напојување и скршете го механизмот за заклучување на вратата за да не може да функционира пред да го фрлите производот за да ги заштитите децата.

Усогласеност со директивата за ризични супстанци:

Производот што го купивте е усогласен со директивата на ЕУ за ограничување на ризичните супстанци (RoHS) (2011/65/EU). Тој не содржи штетни или забранети материјали наведени во директивата.

1.5 Информации за пакувањето

Пакувањето се произведува од рециклирачки материјали во согласност со одредбите за заштита на животната средина на државно ниво. Не фрлајте го пакувањето заедно со домашниот отпад. Однесете ги во собирните центри за материјали за пакување назначени локалните власти.

2 Машина за перење-сушење

2.1 Краток опис



1- Кабел за струја
2- Горна табла
3- Контролна табла
4- Црево за испуштање на водата
5- Врата за полнење
6- Капак на филтерот
7- Прилагодливи ногалки
8- Фиока за детергент

2.2 Содржина на пакувањето

	Кабел за напојување	
	Црево за испуштање на водата	
	Навртки при транспорт	
	Црево за довод на вода	
	Сад за течен детергент (*)	
	Упатство за употреба	
	Група пластични чепови	
	Слеп приклучок	

ЗАБЕЛЕШКА

- Цифрите во ова упатство се шематски и може да не соодветствуваат во целост со производот.

(*) Ова може да се испорача со машината, во зависност од моделот на производот.

2.3 Технички спецификации

Делегирана регулатива на комисијата за усогласеност (ЕУ), бр. 96/60/EC/1996	
Име или заштитна марка на добавувачот	Beko
Име на модел	HTV 7633 X00
Енергетска класа на машината за перење и сушење (1)	B
Енергетска класа на машината за перење (1)	A
Потрошувачка на струја (перење и сушење) - целосно полнење на циклус (kWh)	5.67
Потрошувачка на струја при перење - целосно полнење на циклус (kWh)	0.8
Потрошувачка на струја на годишно ниво (перење и сушење) (kWh) (2)	1134
Потрошувачка на струја на годишно ниво при перење (kWh) (2)	160
Потрошувачка на вода (перење и сушење), целосно полнење на циклус - (l)	75
Потрошувачка на вода (перење), целосно полнење на циклус - (l)	45
Потрошувачка на вода на годишно ниво (перење и сушење) - (l) (3)	15000
Потрошувачка на вода на годишно ниво (перење) - (l) (3)	9000
Класа на енергетска ефикасност со центрифуга - сушење (1)	B
Максимална брзина на центрифуга (rpm)	1200
Емисии на акустична бучава во средината при перење/центрифуга/сушење (dB)	57/74/64
Вградено	No
Номиниран капацитет - перење (кг)	7
Номиниран капацитет - сушење (кг)	5
Височина (см.)	84
Широчина (см.)	60
Длабочина (см.)	54
Нето тежина (±4 кг.)	66
Единичен довод на вода/двоен довод на вода	• / -
Електрично напојување (V/Hz)	230 V / 50Hz
Вкупно напојување (A)	10
Вкупно напојување (W)	2200
VDE	9620

(1) Скала од A (најголема ефикасност) до G (најмала ефикасност)

(2) Потрошувачка на струја заснована врз 200 стандардни циклуси за перење - целосно полнење при перење (и сушење). Вистинската потрошувачка на ел. енергија зависи од тоа како ја користите машината.

(3) Потрошувачка на вода заснована врз 200 стандардни циклуси за перење - целосно полнење при перење (и сушење). Вистинската потрошувачка на ел. енергија зависи од тоа како ја користите машината.

Техничките спецификации може да се менуваат без претходно известување за да се подобри квалитетот на производот.

3 Монтажа

Погледнете ги информациите во упатството за корисникот и проверете дали струјата, доводот за вода и системот за испуштање вода се соодветни за да го подготвите производот за работа и пред да го повикате овластениот сервисер. Ако нема соодветни услови, повикајте квалификуван техничар и водоводџија за да ги завршат неопходните подготовки.

ОПАСНОСТ!

Стручни лица треба да ги завршат инсталацијата и електричното поврзување на производот. Производителот нема да биде одговорен за штети што би се појавиле од постапки што ги спровеле неовластени лица.

ОПАСНОСТ!

Производот е многу тежок да го носи едно лице.

ВНИМАНИЕ

- **Пред инсталацијата, проверете визуелно дали производот има дефекти. Ако има, не инсталирајте го. Оштетените производи претставуваат ризик за безбедноста.**

ПРЕТПАЗЛИВОСТ

- Подготовката на локацијата и инсталацијата на струјата, водата и одводот на местото за инсталација се одговорност на потрошувачот.
- Проверете дали доводот за вода, одводните црева и електричниот кабел се превиткани, престапнати или притиснати кога го буткате производот на своето место по инсталацијата или чистењето.

3.1 Соодветна локација за поставување

- Поставете го производот на цврст и рамен под. • Не поставувајте го врз дебел килим или врз слични површини.
- Не ставајте го производот близу до раб на под со скалила. Не ставајте го производот ниту на платформа.
- Не ставајте го производот врз кабелот за струја.
- Не поставувајте го производот во средина каде што температурата се спушта под 0 ºC. (Видете Предупредувања за сушење)

- Поставете го производот најмалку 1.5 см оддалечен од рабовите на другиот мебел.

  Не смее да има никакви врати на заклучување, лизгање или со шарки, кои би можеле да го попречат целосното отворање на вратата на местото каде што е поставен овој производ.

  Ракувајте со производот во добро проветрена средина без прашина.

3.2 Вадење на потпорите во пакувањето

Закосете ја машината наназад за да ги извадите потпорите во пакувањето. Отстранете ги потпорите во пакувањето прикачени на лентата.

ОПАСНОСТ!

Производот е тежок. Извадете ги потпорите во пакување како што е прикажано на сликата.

Внимавајте да не си ја фатите раката под машината во текот на оваа постапка.

3.3 Вадење на транспортните брави

ПРЕТПАЗЛИВОСТ

- Не вадете ги транспортните навртки пред да ги отстраните потпорите во пакувањето.
- Извадете ги навртките за безбеден транспорт пред да ја вклучите машината! Инаку, производот ќе се оштети.



1 Користете алат за да ги разлабавите навртките. Треба да се вртат слободно.

2 Извадете ги навртките за безбеден транспорт со тоа што ќе ги одвртите малку.

3 Поставете ги пластичните капаци што се доставени во вреќичката со Упатството за корисникот во отворите на задниот панел.

ИНФОРМАЦИЈА

- *Чувајте ги навртките за транспорт на сигурно место ако треба повторно да ги употребите кога ќе треба да го преместите производот.*
- *Никогаш не поместувајте го производот без правилно поставени навртки за безбеден транспорт!*

3.4 Поврзување на доводот за вода

ИНФОРМАЦИЈА

- *Притисокот на водата од доводот што е потребен за да работи машината мора да биде меѓу 1-10 бари (0.1 – 1 MPa). Неопходно е најмалку 10-80 литри вода да протечат од целосно отворената славина во една минута за да работи производот без проблеми. Додајте вентил за намалување на притисокот, ако е повисок.*

ВНИМАНИЕ

- **Моделите со единичен довод за вода не треба да се поврзуваат со славина за топла вода. Во тој случај, алиштата ќе се оштетат или производот ќе се префрли во заштитен режим и нема да работи.**
- **Не користете стари или користени црева за довод на вода со новиот производ. Може да се предизвика флекање на алиштата.**



1 Поврзете ги специјалните црева што се доставуваат со производот со вентилите за довод на вода на производот.

ВНИМАНИЕ

- **Проверете дали приклучокот за студена вода е правилно поставен кога ќе се инсталира машината. Инаку, алиштата ќе бидат врели по перењето и излитени.**

2 Стегнете ги цврсто навртките на цревото со рака. Никогаш не користете алат за нивно затегнување.

3 Отворете ги славините докрај по поставување на цревата за да проверите дали протекува вода на точките на поврзување. Ако има протекување, затворете ја славината и извадете ја навртката. Затегнете ја одново внимателно по проверка на заштитата. Затворајте ги славините кога не го користите производот за да спречите протекување.

3.5 Поврзување со одвод

- Прикачете го крајот на одводното црево директно со одводот на вода, лавабо или када.

ВНИМАНИЕ

- **Куќата ќе се поплави ако цревото излегува од лежиштето при испуштање на водата. Уште повеќе, постои ризик од попарување заради високите температури при перење! За да ги спречите овие ситуации и да обезбедите непречен довод и одвод на вода од машината, фиксирајте го крајот на цревото за одвод цврсто за да не може да се поместува.**



- Поврзете го цревото на минимална висина од 40 см и максимална висина од 90 см.
- Ако цревото е поставено на подот (пониско од 40 см), а подоцна се постави повисоко, истекувањето на водата е потешко и алиштата ќе бидам многу водени по перењето. Затоа, следете ги висините што се посочени на сликата.
- За да спречите нечистата вода да се враќа во машината и за да обезбедите лесно испуштање, не потопувајте го крајот на цревото во нечиста вода и не внесувајте го во одводот повеќе од 15 cm. Ако е многу долго, скратете го.
- Крајот на цревото не смее да биде превиткано, нагазено ниту притиснато меѓу одводот и машината.
- Ако должината на цревото е многу кратка, додајте оригинално црево за продолжување. Должината на цревото не смее да биде поголема од 3,2 m. За да избегнете дефекти од протекување на вода, врската меѓу цревото за продолжување и одводното црево на производот мора да биде добро направена, со соодветни стегачи за да не се раздвојат и да не протекува.

3.6 Прилагодување на ногарките



ВНИМАНИЕ

- **Прилагодете ги ногарките така што производот ќе стои стабилно на местото каде што ќе се користи.**
- **Наместете ја машината со прилагодување на ногарките.**
- **Проверете дали се ниша притискајќи го производот по дијагоналните рабови.**
- **Инаку, производот може да се поместува и да предизвика кршење, бучава и вибрации.**
- **Не користете алати за да ги разлабавите завртените навртки. Во спротивно, безбедносните брави ќе се оштетат.**

а) Рачно разлабавете ги затегнатите навртки на ногарките.

б) Прилагодувајте ги ногарките додека производот не застане рамно и стабилно.

в) Затегнете ги сите навртки со рака.

3.7 Поврзување на електриката

Поврзете го производот за заземјен приклучок, заштитен со осигурувач 16 A. Нашата компанија нема да биде одговорна за какви било оштетувања што ќе се појават ако производот се користел без заземјување во согласност со локалните регулативи.

- Поврзувањето мора да биде усогласено со државните регулативи.
- Жиците за електричното излезно коло мора да бидат доволно јаки за потребите на уредот. Се препорачува употреба на заштитен прекинувач за резидуална струја (GFCI).
- Приклучокот за ел. енергија мора да биде на дофат по монтирањето.
- Ако тековната вредноста на осигурувачот или на прекинувачот во куќата е помала од 16 ампери, повикајте квалификуван електричар да постави осигурувач од 16 ампери.
- Дадениот напон во поглавјето „Технички спецификации“ мора да биде еднаков на напонот на струјата во штекерот.

ОПАСНОСТ!

Овластен сервисер мора да ги замени оштетените кабли за струја.

3.8 Транспорт на производот

1 Исклучете го производот од струја пред транспортот.

2 Извадете ги поврзувањата за цревата за довод и одвод на вода.

3 Испуштете ја целата вода што останала во производот. Видете 6.5

4 Поставете ги навртките за безбеден транспорт по обратен редослед од постапката за вадење. Видете 3.3

ОПАСНОСТ!

Производот е многу тежок да го носи едно лице.

Производот е тежок. Мора да го носат две лица при што ќе обрнат особено внимание на скалила. Производот ќе ве повреди ако падне врз вас.

ВНИМАНИЕ

- **Материјалот од пакувањето е опасен за децата. Чувајте го на безбедно место и подалеку од дофатот на децата.**

ИНФОРМАЦИЈА

- *Никогаш не поместувајте го производот без правилно поставени навртки за безбеден транспорт!*

4 Подготовка

4.1 Сортирање на алиштата

* Сортирајте ги алиштата согласно со видот ткаенина, боја и степенот на извалканост, како и со дозволената температура на водата.
* Секогаш почитувајте ги упатствата што се дадени на етикетите на облеката.

СИМБОЛИ ЗА ПЕРЕЊЕ АЛИШТА

ПЕРЕЊЕ	Симболи за машинско перење	Нормално перење	Без пеглање	Перење на осетливи-деликатни алишта	Рачно перење	Да не се пере во машина	Без центрифуга		
	Температури на водата	Максимум	95°C	70°C	60°C	50°C	40°C	30°C	
		Симбол(и)							
СУШЕЊЕ	Симболи за сушење	Соодветно за сушална	Без пеглање	Сушење на осетливи/ деликатни алишта	Не се суши во сушална	Не сушете	Без хемиско чистење		
	Поставки за сушење	На која било температура	На висока температура	На средна температура	На ниска температура	Без загревање	Обесено при сушење	Положено при сушење	Обесено мокро при сушење	Положено во сенка при сушење	Хемиско чистење
ПЕГЛАЊЕ	Пеглање -								
	Сушење или пареа		Пеглање на висока температура	Пеглање на средна температура	Пеглање на ниска температура	Без пеглање	Пеглање без пареа		
	Максимална температура		200 °C	150 °C	110 °C				
ИЗБЕЛУВАЧ	Дозволени се сите избелувачи			Може да се користи избелувач (натриум хипохлорит)	Избелувач не е дозволен	Дозволени се сите избелувачи без хлорин			

4.2 Подготовка на алиштата за перење

- Алиштата со метални предмети како што се шноли, копчиња на каиши и метални копчиња ќе ја оштетат машината. Извадете ги металните делови или перете ги алиштата ставени во вреќичка за перење или во навлака за перница. Овие делови на алиштата може да се загреат премногу во текот на сушењето и да ги оштетат. Не сушете такви алишта во машината.
- Ставете ги малите парчиња алишта, како што се бебешките чорапчиња или најлонските чорапи во вреќичка за перење или во навлака за перница.
- Ставете ги завесите внатре без да ги притискате. Извадете ги деловите за закачување на завесите. Не сушете завеси од тул во машината.
- Закопчајте ги патентите, зашијте ги разлабавените копчиња и искинатите делови на алиштата.
- Перете ги производите со етикети „може да се пере во машина“ или „рачно перење“ само на соодветна програма. Сушете ги овие видови на алишта на закачалка или распостелени. Не сушете ги во машината.
- Не перете обоени и бели алишта заедно. Нови, темно обоени памучни ткаенини може да испуштат многу боја. Исперете ги засебно.
- Користете само бои/средства за промена на бои и чистење бигор што се соодветни за машинско перење. Секогаш следете ги упатствата на пакувањето.

ИНФОРМАЦИЈА

- *Алиштата на коишто има талози како брашно, прашина од бигор, млеко во прав, итн. мора прво да се истресат пред да се стават во машината. Таквиот прав на алиштата може со време да се налепи на внатрешните делови на производот и да го оштети.*
- *Чувајте ги алиштата од ангорска волна во замрзнувач неколку часа пред перење. Така ќе се намали литењето.*
- *Перете ги пантолоните и деликатните алишта превртени наопаку.*
- *Тврдокорните дамки мора да се третираат соодветно пред перење. Ако не сте сигурни, прашајте некој во хемиско чистење.*
- *Извадете ги сите предмети од џебовите, како што се монети, пенкала или спајалки и превртете ги џебовите нанадвор и исчеткајте ги. Таквите предмети може да го оштетат производот и да предизвикуваат проблем со бучава.*

4.3 Совети за заштеда на струја

Заштедата на струја може да се подобри ако користите температури со пониски температури и соодветен детергент.

- Вклучувајте го производот со најголемиот капацитет што го дозволува избраната програма, но не преполнувајте го. Видете „Табела за програми и потрошувачка“. Видете „Табела за програми и потрошувачка“
- Секогаш следете ги упатствата на пакувањето на детергентот.
- Перете ги малку извалканите алишта на ниски температури.
- Користете побрзи програми за мали количина на малку извалкани алишта.
- Не користете предперење и високи температури за алишта што не се многу валкани или што немаат дамки.
- Ако планирате да ги сушите алиштата во сушална, изберете ја најголемата брзина за центрифугата што се препорачува за тој циклус на перење.
- Не користете повеќе детергент од препорачаната количина наведена на пакувањето.

4.4 Прва употреба

Пред да започнете со употреба на производот, проверете дали сите подготовки се направени во согласност со упатствата во поглавјата „Важни упатства за безбедност и животна средина“ и „Поставување“.

Прво вклучете ја програмата за чистење на барабанот за да ја подготвите машината за перење алишта. Ако оваа програма ја нема во вашата машина, применете го методот опишан во поглавјето 6.2.

ИНФОРМАЦИЈА

- *Користете средство против бигор што е соодветно за машини за перење.*
- *Може да има малку вода во машината заради процесот за контрола на квалитетот во производството. Не е штетно за производот.*

4.5 Соодветен капацитет на полнење

Максималниот капацитет за полнење зависи од видот на алиштата, степенот на извалканост и саканата програма за перење.

Производот автоматски ја прилагодува количината вода според тежината на алиштата ставени во неа.

ВНИМАНИЕ

- **Следете ги информациите во „Табелата за програми и потрошувачка“. Кога е преоптоварена, резултатите од перењето може да опаднат. Понатаму, може да се појават проблеми со бучава и вибрации. Не сушете повеќе алишта од посоченото за успешни резултати.**

Вид на алишта за перење	Тежина (g)	Вид на алишта за перење	Тежина (g)
Бањарка	1200	Крпа за раце	100
Салфети од ткаенина	100	Женски ноќници	200
Креветски чаршав	700	Долен веш	100
Креветски чаршав	500	Машка работничка облека	600
Навлака за перница	200	Машка кошула	200
Чаршав за маса	250	Машки пижами	500
Крпа	200	Блузи	100

4.6 Полнење со алишта

1.Отворете ја вратата за полнење.

2.Ставете ги алиштата во производот така што ќе бидат лабаво распоредени.

3.Притиснете ја врата за да се затвори. Треба да слушнете звук на заклучување. Проверете дали некое парче од облеката се зафатило за вратата.

ИНФОРМАЦИЈА

- *Вратата за полнење е заклучена додека работи програма. Вратата може да се отвори само по извесно време откако ќе заврши програмата. Вратата за полнење нема да се отвори додека не опадне температурата доколку внатрешноста на машината е многу жешка на крајот од програмата.*

ВНИМАНИЕ

- **Ако алиштата не се распоредат правилно, може да настанат проблеми со бучава и вибрации во машината.**

4.7 Употреба на детергент и омекнувач

ИНФОРМАЦИЈА

- *Кога користите детергент, омекнувач, штирак, фабричка боја, белило или отстранувач на бигор, прочитајте ги упатствата на производителот на пакувањето внимателно и следете ги вредностите за дозирање. Користете дозер ако има.*

4.7.1 Фиока за детергент

Фиоката за детергент се состои од три дела:



– (1) за претперење
– (2) за главно перење
– (3) за омекнувач
– (❀) покрај тоа, има и дел со сифон во преградата за омекнувачот.

4.7.2 Детергент, омекнувач и други средства за чистење

- Додајте детергент и омекнувач пред да ја вклучите програмата за перење.
- Никогаш не оставајте ја фиоката за детергент отворена додека работи програмата за перење!
- Кога користите програма без претперење, не ставајте детергент во преградата за претперење (преграда бр. "1").
- Кога користите програма со претперење, не ставајте течен детергент во преградата за претперење (преграда бр. "1").
- Не избирајте програма со претперење ако користите врећичка или топка со детергент. Ставете ги топката или врећичката со детергент директно меѓу алиштата во машината. Извадете ги ако сушите
- Ако користите течен детергент, не заборавајте да ставите капаче со течен детергент во одделот за главно перење (оддел бр. „2“).
- Не додавајте хемикалии за перење (течен детергент, омекнувач итн.) кога машината е во фаза на сушење.

4.7.3 Избор на вид детергент

Видот детергент што треба да се користи зависи од видот на ткаенината и бојата.

- Користете различни детергенти за обоени и бели алишта.
- Перете ги деликатните алишта само со специјални детергенти (течен детергент, шампон за волна, итн.) што се наменети само за деликатни алишта.

Подготовка

- Се препорачува употреба на течен детергент за перење темно обоени алишта или прекривки.
- Перете волна со специјални детергенти изработени специјално за волна.

ВНИМАНИЕ

- **Користете само детергенти што се специјално произведени за машини за перење.**
- **Не користете сапун во прав.**

4.7.4 Прилагодување на количината детергент

Количината на детергентот за перење што треба да се употреби зависи од количината на алиштата за перење, степенот на извалканост и тврдоста на водата.

- Не користете количини коишто ги надминуваат количините за дозирање што се препорачани на пакувањето за да избегнете проблеми со прекумерна пена, лошо плакнење, а исто така и заради финансиски заштеди и конечно, заради заштита на животната средина.
- Користете помалку детергент за мали количини или малку извалкани алишта.

4.7.5 Употреба на омекнувачи

Истурете омекнувач во преградата за омекнувач во фиоката за детергент.

- Не надминувајте го нивото (>max<) што е означено во преградата за омекнувачот.
- Ако омекнувачот ја загубил течната состојба или концентрираност, растворете го со вода пред да го ставите во фиоката за детергент.

4.7.6 Употреба на течни детергенти

4.7.6.1 Ако производот содржи капаче за течен детергент



- Ставете го течниот детергент во преградата бр.„2“.
- Ако течниот детергент ја загубил течната состојба, растворете го со вода пред да го ставите во преградата за детергент.

4.7.6.2 Ако производот не содржи капаче за течен детергент

- Не користете течен детергент за предперење при програма за предперење.
- Течниот детергент ги флека алиштата кога се користи со функцијата за одложено вклучување. Ако ја користите функцијата за одложено вклучување, не користете течен детергент.

4.7.7 Употреба на детергент во гел и таблети

- Ако густината на детергентот во гел е течна, а машината не содржи специјално капаче за течни детергенти, ставете го детергентот во гел во преградата за главно перење кога машината ќе зема вода за првпат. Ако машината има капаче за течен детергент, наполнете го капачето со детергент пред да ја вклучите програмата.
- Ако густината на детергентот во гел не е течна или има форма на таблета со течен детергент, ставете го директно во барабанот пред перењето.
- Ставете го детергентот во таблети во преградата за главно перење (преграда бр. „2“) или директно во барабанот пред перење.

ИНФОРМАЦИЈА

- *Детергентите во таблети може да остават траги во одделот за детергент. Ако се случи тоа, ставајте ја таблетата со детергент меѓу алиштата, близу до долниот дел на барабанот во идните перења.*
- *Користете детергент во гел или таблети без да ја изберете функцијата за предперење.*
- *Не заборавајте да ги извадите пластичните дозери и топки за детергент од барабанот пред да сушите.*

4.7.8 Употреба на средство за штиркање

- Додајте течен штирак, штирак во прав или фабричка боја во одделот за омекнувачот.
- Не користете омекнувач и штирак заедно при перењето.
- Избришете ја внатрешноста на машината со влажна и чиста крпа по употреба на штирак.

4.7.9 Употреба на белила

- Изберете програма со претперење и додајте агенс за избелување на почетокот на претперењето. Не ставајте детергент во одделот за предперење. Како алтернатива, изберете програма со дополнително плакнење, додајте го белилото во празната преграда за детергент и додајте 1 чаша вода во истата преграда кога ќе се појави првата фаза на плакнење на екранот.
- Не користете агенси за избелување и детергент заедно.
- Употребете само мала количина (околу 50 ml) на агенс за белење и исплакнете ги алиштата многу добро бидејќи може да се предизвика иритација на кожата. Не налевајте белило во алиштата и не користете го со обоени алишта.

- Кога користите кислородни белила, изберете програма што пере на ниска температура.
- Кислородните белила може да се користат со детергентот. Меѓутоа, ако не се со иста густина, прво ставете го детергентот во преградата „2“ во фиоката за детергент и почекајте машината да го исплакне детергентот кога зема вода. Додајте го белилото во истата преграда додека производот продолжува да зема вода.

4.7.10 Употреба на отстранувач на бигор

- Ако е потребно, користете средства за отстранување бигор што се специјално произведени само за машини за перење.

4.8 Совети за ефикасно перење

		Алишта			
		Светли бои и бели алишта	**Бои**	**Црни/темни бои**	**Деликатни алишта / волна / свила**
		(Препорачан опсег на температура врз основа на нивото на извалканост: 40-90 °C)	(Препорачан опсег на температура според нивото на извалканост: студено -40 °C)	(Препорачан опсег на температура според нивото на извалканост: студено -40 °C)	(Препорачан опсег на температура според нивото на извалканост: студено -30 °C)
Ниво на извалканост	**Многу извалкани** (тврдокорни дамки како масло, кафе, овошје и крв.)	Можеби ќе треба да ги третирате дамките пред да ги ставите на перење или да вклучите и предперење. Детергентите во прашок и течните детергенти што се препорачуваат за бели алишта може да се користат во дози што се препорачани за многу извалкани алишта. Се препорачува да се користат детергенти во прашок за да се исчистат дамки од глина и земја и за дамки што се осетливи на избелувачи.	Детергентите во прашок и течните детергенти што се препорачуваат за алишта во боја може да се користат во дози што се препорачани за многу извалкани алишта. Се препорачува да се користат детергенти во прашок за да се исчистат дамки од глина и земја и за дамки што се осетливи на избелувачи. Треба да се користат детергенти што не содржат белило.	Течните детергенти што се препорачуваат за алишта во боја и темни алишта може да се користат во дози што се препорачани за многу извалкани алишта.	Претпочитајте течни детергенти што се произведени за деликатни алишта. Волнените и свилените алишта мора да се перат со специјални детергенти за волна.
	Нормално извалкани (На пример дамки од телото на јаките и на манжетните)	Детергентите во прашок и течните детергенти што се препорачуваат за бели алишта може да се користат во дози што се препорачани за нормално извалкани алишта.	Детергентите во прашок и течните детергенти што се препорачуваат за алишта во боја може да се користат во дози што се препорачани за нормално извалкани алишта. Треба да се користат детергенти што не содржат белило.	Течните детергенти што се препорачуваат за алишта во боја и темни алишта може да се користат во дози што се препорачани за нормално извалкани алишта.	Претпочитајте течни детергенти што се произведени за деликатни алишта. Волнените и свилените алишта мора да се перат со специјални детергенти за волна.
	Малку извалкани (Нема видливи дамки.)	Детергентите во прашок и течните детергенти што се препорачуваат за бели алишта може да се користат во дози што се препорачани за малку извалкани алишта.	Детергентите во прашок и течните детергенти што се препорачуваат за алишта во боја може да се користат во дози што се препорачани за малку извалкани алишта. Треба да се користат детергенти што не содржат белило.	Течните детергенти што се препорачуваат за алишта во боја и темни алишта може да се користат во дози што се препорачани за малку извалкани алишта.	Претпочитајте течни детергенти што се произведени за деликатни алишта. Волнените и свилените алишта мора да се перат со специјални детергенти за волна.

4.9 Совети за правилно сушење

		Програми				
		Сушење памук	**Сушење синтетика**	**Заштита за бебиња+**	**Перење и Сушење**	**Перење и сушење**
Видови алишта	Издржливи алишта од памук	Чаршафи за кревет, јоргани, бебешка облека, маици на кратки ракави, трикотажа, тексас-платно, панталони од грубо платно, кошули, памучни чорапи и слично	Не се препорачува!	Пере и суши последователно! Чаршафи за кревет, јоргани, бебешка облека, маици на кратки ракави, трикотажа, тексас-платно, панталони од грубо платно, кошули, памучни чорапи и слично	Пере и суши последователно! Чаршафи за кревет, јоргани, бебешка облека, маици на кратки ракави, трикотажа, тексас-платно, панталони од грубо платно, кошули, памучни чорапи и слично	Алишта што биле малку носени и без флеки, како што се кошули, маици на кратки ракави, тренерки и слично Треба да се стави само мала количина алишта.
	Алишта од синтетика (полиестер, најлон и сл.)	Не се препорачува!	Се препорачува за алишта од полиестер, најлон, полиацетат или за оние што содржат акрил. Сушењето не се препорачува сушење за алишта од вискоза. Треба да се земат во предвид објаснувањата за сушење посочени на етикетата за одржување.	Се препорачува за алишта од полиестер, најлон, полиацетат или за оние што содржат акрил на ниска температура со тоа што ќе се земат во предвид објаснувањата за перење и сушење посочени на етикетата за одржување.	Се препорачува за алишта од полиестер, најлон, полиацетат или за оние што содржат акрил на ниска температура со тоа што ќе се земат во предвид објаснувањата за перење и сушење посочени на етикетата за одржување.	Многу малку извалкани кошули без флеки, маици на кратки ракави, и алишта од синтетика. Треба да се стави само мала количина алишта.
	Осетливи алишта (свила, волна, кашмир, ангора и сл. содржина)	Не се препорачува!	Не се препорачува!	Не се препорачува!	Не се препорачува!	Не се препорачува!
	Кабасти работи како прекривки, капути, завеси и сл.	Не се препорачува! Не е соодветно за сушење кабасти работи во машината за перење. Сушете ги закачени или распослани.	Не се препорачува! Не е соодветно за сушење кабасти работи во машината за перење. Сушете ги закачени или распослани.	Не се препорачува! Не е соодветно за сушење кабасти работи во машината за перење. Сушете ги закачени или распослани.	Не се препорачува! Не е соодветно за сушење кабасти работи во машината за перење. Сушете ги закачени или распослани.	Не се препорачува! Не е соодветно за сушење кабасти работи во машината за перење. Сушете ги закачени или распослани.

5 Ракување со производот

5.1 Контролен панел



1. Регулатор за избор на програма
2- Сијалички за избор на температура
3- Сијалички за избор на брзина на центрифуга
4 - Екран
5 - Сијалички на програмата за сушење
6 - Копче за вклучување / исклучување
7 - Копче за вклучување / паузирање
8- Копче за прилагодување на времето на завршување
9- копче за прилагодување на нивото на сушење
10 - Копчиња за дополнителните функции
11 - Копче за прилагодување на брзината на центрифугата
12 - Копче за прилагодување на температурата
13 – Сијалички за избор на програми

5.2 Симболи на екранот



a - Индикатор за перење
b - Индикатор за плакнење
c - Индикатор за центрифуга
d - Индикатор за сушење
e - Индикатор за крај
f - Индикатор дека нема вода
g - Екран за информации за времетраење
h - Индикатор за заклучена врата за полнење
i - Индикатор за заштита за деца

5.3 Подготовка на машината

1.Проверете дали цревата се цврсто поврзани.
2.Вклучете ја машината во струја.
3.Отворете ја славината докрај.
4. Ставете ги алиштата во машината.
5.Ставете детергент и омекнувач за ткаенини.

5.4 Избор на програма за перење

1.Одредете ја програмата соодветна за видот, количината и нивото на извалканост на алиштата во согласност со „Табелата за програми и потрошувачка“.

2.Изберете ја саканата програма со регулаторот за **Избор на програма**.

ИНФОРМАЦИЈА

- *Програмите се ограничени со најголема брзина на центрифугата, соодветна за дадениот вид текстил.*
- *При избор на програма, секогаш земајте ги во предвид видот ткаенина, бојата, степенот на извалканост и дозволената температура на водата.*
- *Секогаш избирајте ја најниската потребна температура. Повисока температура значи и поголема потрошувачка на струја.*

5.5 Програми за перење

Користете ги следните главни програми во зависност од видот ткаенина.

ИНФОРМАЦИЈА

- *Може да ја поставите машината да се префрли во фаза на сушење откако ќе заврши перењето ако го притиснете копчето за сушење откако ќе ја изберете програмата за перење на алиштата. Секојпат кога ќе го притиснете копчето, линијата за информации покажува кога ќе се вклучи постапката за сушење, како и соодветниот симбол. Ако сакате, може да продолжите да го притискате копчето за да го извршите сушењето за максималниот период што го дозволува машината за сушење.*
- *Симболите на екранот се шематски и не мора да соодветствуваат во целост со производот.*
- *Наполнете максимум 5 кг алишта во машината кога планирате да вршите перење и сушење користејќи ја функцијата за сушење на машината. Ако ставите премногу алишта, тие нема да се исушат, машината ќе работи долго и ќе потроши многу струја.*

Ракување со производот

• Cottons (памук)

Користете ја оваа програма за памучни алишта (како што се креветски чаршави, јоргански навлаки и навлаки за перници, крпи, бањарки, долен веш, итн.). Алиштата ќе се исперат со жестоки движења во подолг циклус на перење.

ИНФОРМАЦИЈА

- *Може да ги сушите алиштата веднаш по перењето без прекин (може да се вклучи автоматско или закажано сушење по перењето). За ова, треба да ја изберете функцијата за сушење пред да ја вклучите програмата за перење.*
- *Согласно изборот за сушење што ќе го додадете на програмите за перење, може да се видите кога програмата ќе заврши на екранот на машината.*
- *Ако не сакате сушењето да се вклучи по избраната програма, притиснете и држете го копчето за дополнителната функција за сушење додека не се исклучи сијаличката за сушење.*

• Synthetics (синтетика)

Користете ја оваа програма за перење алишта со синтетика (кошули, блузи, мешано синтетика / памук, итн.). Алиштата ќе се испераат со благи движења и за пократок циклус на перење споредено со програмата за памук.

За завеси и тул, користете ја програмата Синтетика 40˚C со избрани функции за предперење и негување. Перете ги завесите / тулот ставајќи мала количина на детергент во одделот за главно перење бидејќи нивната мрежеста структура создава прекумерно пенење. Не ставајте детергент во одделот за предперење.

ИНФОРМАЦИЈА

- *Може да ги сушите алиштата веднаш по перењето без прекин (може да се вклучи автоматско или закажано сушење по перењето). За ова, треба да ја изберете функцијата за сушење пред да ја вклучите програмата за перење.*
- *Согласно изборот за сушење што ќе го додадете на програмите за перење, може да се видите кога програмата ќе заврши на екранот на машината.*
- *Ако не сакате сушењето да се вклучи по избраната програма, притиснете и држете го копчето за дополнителната функција за сушење додека не се исклучи сијаличката за сушење.*

• Woollens (волна)
Користете ја за перење волнена облека. Изберете ја соодветната температура што е посочена на етикетата на алиштата. Користете соодветни детергенти за волнени алишта.

ИНФОРМАЦИЈА

- *Функцијата за сушење не може да се избере со програма за перење волна.*

• Cottons Eco (памук економично)
Користете ја за перење нормално валкани алишта, издржлив памук и лен. Иако перењето трае подолго од другите програми, тоа обезбедува големи заштеди на струја и вода. Реалната температура на водата може да се разликува од наведената температура на перење. Кога ја полните машината со помалку алишта (на пр. половина од капацитетот или помалку), траењето на програмата се скратува. Во ваков случај, потрошувачката на струја и вода ќе се намали за да се постигне поекономично перење. Оваа програма е обезбедена кај моделите со индикатор за преостанато време.

ИНФОРМАЦИЈА

- *Може да ги сушите алиштата веднаш по перењето без прекин (може да се вклучи автоматско или закажано сушење по перењето). За ова, треба да ја изберете функцијата за сушење пред да ја вклучите програмата за перење.*
- *Согласно изборот за сушење што ќе го додадете на програмите за перење, може да се видите кога програмата ќе заврши на екранот на машината.*
- *Ако не сакате сушењето да се вклучи по избраната програма, притиснете и држете го копчето за дополнителната функција за сушење додека не се исклучи сијаличката за сушење.*

• Delicates (деликатно)
Користете ја за перење деликатни алишта. Алиштата ќе се исперат понежно во споредба со програмата за синтетика.

• Hand Wash (рачно перење)
Користете ја оваа програма за перење волнени / деликатни алишта што ја носат етикетата „да не се пере во машина“ и за кои се препорачува рачно перење. Алиштата ќе се исперат со многу благи движења за да не се оштетат.

Ракување со производот

• Daily Xpress (дневно брзо перење)
Користете ја оваа програма за перење малку извалкани памучни алишта без дамки за кратко време.

ИНФОРМАЦИЈА

- *Може да ги сушите алиштата веднаш по перењето без прекин (може да се вклучи автоматско или закажано сушење по перењето). За ова, треба да ја изберете функцијата за сушење пред да ја вклучите програмата за перење.*
- *Согласно изборот за сушење што ќе го додадете на програмите за перење, може да се видите кога програмата ќе заврши на екранот на машината.*
- *Ако не сакате сушењето да се вклучи по избраната програма, притиснете и држете го копчето за дополнителната функција за сушење додека не се исклучи сијаличката за сушење.*

• Xpress Super Short (многу кратко и брзо перење)
Користете ја да исперете малку извалкани памучни алишта за кратко време. Оваа програма ги пере алиштата за 14 минути.

ИНФОРМАЦИЈА

- *Може да ги сушите алиштата веднаш по перењето без прекин (може да се вклучи автоматско или закажано сушење по перењето). За ова, треба да ја изберете функцијата за сушење пред да ја вклучите програмата за перење.*
- *Согласно изборот за сушење што ќе го додадете на програмите за перење, може да се видите кога програмата ќе заврши на екранот на машината.*
- *Ако не сакате сушењето да се вклучи по избраната програма, притиснете и држете го копчето за дополнителната функција за сушење додека не се исклучи сијаличката за сушење.*

• Shirts (кошули)
Користете ја оваа програма за перење кошули од памук, синтетика и алишта што содржат синтетика заедно.

ИНФОРМАЦИЈА

- *Може да ги сушите алиштата веднаш по перењето без прекин (може да се вклучи автоматско или закажано сушење по перењето). За ова, треба да ја изберете функцијата за сушење пред да ја вклучите програмата за перење.*
- *Согласно изборот за сушење што ќе го додадете на програмите за перење, може да се видите кога програмата ќе заврши на екранот на машината.*
- *Ако не сакате сушењето да се вклучи по избраната програма, притиснете и држете го копчето за дополнителната функција за сушење додека не се исклучи сијаличката за сушење.*

• Rinse (плакнење)
Користете ја оваа програма кога сакате да плакнете или да штиркате засебно.

• Spin+Drain (центрифуга и цедење)
Користете ја за испуштање на водата во машината.

5.6 Избор на температура



Секогаш кога ќе се избере нова програма, предвидената температура за таа програма ќе се појави на индикаторот за температура. Вредноста на препорачаната температура може да не максималната температура што може да се избере за тековната програма.

Притиснете го копчето **Прилагодување на температурата** за да ја смените температурата.

ИНФОРМАЦИЈА

- *Копчето за прилагодување на температура работи само наназад. На пример, кога сакате да изберете 60 ^{0}C ако на екранот се прикажува 40 ^{0}C, треба да го притискате копчето неколку пати додека не дојдете до 60 ^{0}C одејќи наназад од 40 ^{0}C.*
- *Ако преминете до опцијата за перење со студена вода и го притиснете копчето за прилагодување на температурата одново, на екранот ќе се појави максималната препорачана температура за избраната програма. Притиснете го копчето за прилагодување на температурата одново за да ја намалите температурата.*

На крај, сијаличката за студено која ја означува опцијата перење со студена вода се прикажува на екранот.

Температурата може да ја смените и откако ќе започне перењето. Може да ја изберете саканата температура откако ќе започне перењето, но ова мора да го направите пред да започне фазата со греење.

5.7 Избор на брзина на центрифугата



Секогаш кога ќе изберете нова програма, препорачаниот број вртежи на центрифугата за избраната програма се прикажува со индикаторот за **Брзина на центрифуга**.

ИНФОРМАЦИЈА

- *Вредноста на препорачаната брзина на центрифугата не мора да биде максималната брзина на центрифугата што може да се избере за тековната програма.*

Притиснете го копчето **Прилагодување на брзина на центрифуга** за да ја смените брзината. Брзината на вртежите се намалува постепено.

Потоа, во зависност од моделот на производот, опциите за „Задржано плакнење“ и „Без центрифуга“ се појавуваат на екранот.

ИНФОРМАЦИЈА

- *Копчето за прилагодување на брзината на центрифугата работи само наназад. На пример, кога сакате да изберете 1000 вртежи во минута ако на екранот се прикажува 800 вртежи во минута, треба да го притискате копчето неколку пати додека не дојдете до 1000 вртежи во минута одејќи наназад од 800 вртежи во минута.*
- *Опцијата за одложено плакнење е посочена со симболот „“, а опцијата за перење без центрифуга е посочена со симболот „“.*

5.7.1 Ако сакате да ги центрифугирате алиштата по функцијата за задржано плакнење:



- Прилагодете ја **Брзината на центрифугата**.

- Притиснете го копчето **Старт / Паузирање / Откажување**. Програмата ќе продолжи. Машината ја испушта водата и ги центрифугира алиштата.

Ако сакате да ја испуштите водата на крајот од програмата без центрифугирање, користете ја функцијата **Без центрифуга**.

ИНФОРМАЦИЈА

- *Кај програмите што не дозволуваат прилагодување на брзината на центрифугата и кога ќе го притиснете копчето за прилагодување на брзината на центрифугата, сијаличката за брзината не се менува и се слуша звук.*

Брзината на центрифугата може да ја смените и откако ќе започне перењето. Може да ја изберете брзината на центрифугата ако го притиснете копчето за прилагодување на брзината на центрифугата пред фазата на центрифугирање.

5.7.2 Избор на дополнителна функција за сушење

Кога ќе изберете нова програма, притиснете го копчето за избор на дополнителна функција за да ја прилагодите опцијата за сушење што е соодветна за избраната програма за перење.

ИНФОРМАЦИЈА

- *Кај програмите што не дозволуваат прилагодување на сушењето и кога ќе го притиснете копчето за дополнителната функцијата за сушење, сијаличката за сушењето не се менува и се слуша звук.*
- *Притиснете го копчето за избор на дополнителна функција за да ја прилагодите соодветната опција за сушење само кај програмите за сушење.*

5.8 Програми за сушење

ВНИМАНИЕ

- **Машината автоматски ги чисти влакната што отпаѓаат од алиштата во текот на циклусот на сушење. Машината користи вода додека суши. Затоа, славината за вода за машината треба да биде отворена додека се вклучени програмите за сушење.**
- **Кога ќе изберете нова програма, притиснете го копчето за избор на дополнителна функција за да ја прилагодите опцијата за сушење што е соодветна за избраната програма за перење.**

ИНФОРМАЦИЈА

- *Програмите за сушење содржат и фаза со центрифуга. Машината го изведува овој процес за да го скрати времето на сушење. Кога е избрано сушење, брзината на центрифугата е поставена на максимален број на вртежи.*
- *Кај програмите што не дозволуваат прилагодување на сушењето и кога ќе го притиснете копчето за дополнителната функцијата за сушење, сијаличката за сушењето не се менува и се слуша звук.*
- *Притиснете го копчето за избор на дополнителна функција за да ја прилагодите соодветната опција за сушење само кај програмите за сушење.*
- *Не може да се вклучат ниту перењето ниту сушењето кога е исклучена водата.*

• Synthetic Dry (сушење синтетика)

Користете ја за сушење влажна облека од синтетика соодветна на 3 кг сува тежина. Оваа програма изведува само сушење.

ИНФОРМАЦИЈА

- *Погледнете поглавје 4, Фаза 4.5 за сувите тежини на алиштата.*

• Cotton Dry (сушење памук)

Користете ја за сушење влажна облека од памук соодветна на 5 кг сува тежина. Оваа програма изведува само сушење.

ИНФОРМАЦИЈА

- *Ставете најмногу 4 кг алишта за да исушите само крпи и бањарки.*
- *Погледнете поглавје 4, Фаза 4.5 за сувите тежини на алиштата.*

5.9 Програми за перење и сушење

ВНИМАНИЕ

- **Машината автоматски ги чисти влакната што отпаѓаат од алиштата во текот на циклусот на сушење. Машината користи вода додека суши. Затоа, славината за вода за машината треба да биде отворена додека се вклучени програмите за сушење.**

• 5 Kg Wash & Dry (5 кг перење и сушење)
Користете ја за перење памучни алишта до 5 кг и за нивно сушење веднаш по циклусот на перење без да правите дополнителни избори.

ИНФОРМАЦИЈА

- *Помошна дополнителна функција за сушење не може да се избере кога е избрана оваа програма.*



Со програмата за 5 кг перење и 5 кг сушење, препорачуваме да ставате алишта додека не ја достигнете горепочената цифра за идеални услови при сушење (ќе ја видите стрелката за ниво кога ќе ја отворите вратата).

• Wash & Wear (Пери и носи)
Користете ја за перење и сушење на 0,5 кг алишта (2 кошули) за 40 минути или за 1 кг алишта (5 кошули) за 60 минути.

ИНФОРМАЦИЈА

- *Програмата за перење и облекување е наменета за брзо перење и сушење на алишта што се носат секој ден кратко време и не се извалкани. Оваа програма е соодветна за алишта со тенка текстура коишто се сушат брзу (кошули, маици на кратки ракави).*
- *Треба да се користат други опции за сушење или програми за груби ткаенини и бавно сушење на алишта.*

Ракување со производот

• BabyProtect+ Wash & Dry (антиалергиско перење и сушење)
Користете ја да исперете и потоа веднаш да исушите алишта до 2 кг коишто изискуваат снтиалергиско и хигиенско перење (бебешки алишта, креветски чаршави, долна облека, на пр. памучни алишта).



5.10 Табела за програми и потрошувачка

(за перење)

MK						Дополнителни функции				
Програма (°C)		Макс. Оптоварување (кг)	Потрошувачка на вода (л)	Потрошувачка на енергија (kWh)	Макс. Брзина***	предперење	брзо перење	дополнително плакнење	Сушење	Избор на опсег на температура °C
Cottons	90	7	78	2.40	1200	•	•	•	•	90-Студено
	60	7	78	1.50	1200	•	•	•	•	90-Студено
	40	7	78	1.00	1200	•	•	•	•	90-Студено
Cottons Eco	60**	7	45	0.80	1200				•	60-Студено
Synthetics	60	3	67	1.05	1200	•	•	•	•	60-Студено
	40	3	67	0.75	1200	•	•	•	•	60-Студено
Woollens	40	1.5	45	0.45	1200			•		40-Студено
Delicates	40	3.5	48	0.50	1000	•				40-Студено
Hand Wash	30	1	35	0.30	1200					30-Студено
Xpress Super Short	30	2	32	0.10	1200			•	•	30-Студено
Daily Xpress	90	7	54	1.90	1200			•	•	90-Студено
	60	7	54	1.10	1200			•	•	90-Студено
	30	7	50	0.18	1200			•	•	90-Студено
Shirts	60	3.5	45	0.85	800	•	•	•	•	60-Студено

• : Се избира.
* : Автоматски се избира, не може да се откаже.
** : Програма со ознаки за енергија (EN 50229)
***: Ако максималната брзина на вртежите на машината е помала од оваа вредност, може да избирате само до максималниот број на вртежи на центрифугата.
****: Програмата ги открива видот и количината алишта за автоматски да ја прилагоди потрошувачката на вода и времетраењето.
- : Видете го описот на програмата за максимално полнење.

ИНФОРМАЦИЈА

- ****: Ако максималната брзина на вртежите на машината е помала од оваа вредност, може да избирате само до максималниот број на вртежи на центрифугата.*
- *Дополнителните функции на табелата може да се разликуваат зависно од моделот на машината.*
- *Потрошувачката на вода и ел. енергија може да варира во зависност од промените во притисокот на водата, тврдината на водата и температурата, од температурата во средината, видот и количината на алиштата, од изборот на дополнителните програми и од промените во напонот.*
- *Времето за перење според избраната програма може да се види на екранот на машината. Нормално е да се појават мали разлики меѓу времето што се прикажува на екранот и вистинското време за перење.*
- *„Производителот може да ги менува избраните шеми за дополнителни функции. Новите шеми за избор може да се додаваат и отстрануваат.“*
- *„Брзината на центрифугата на машината може да варира зависно од програмата, но оваа брзина не може да ја надмине максималната брзина на машината.“*

Ракување со производот

Табела за програми и потрошувачка (за сушење)

MK						Дополнителни функции								
Програма (°C)		Макс. Оптоварување (кг)	Потрошувачка на вода (л)	Потрошувачка на енергија (kWh)	Макс. Брзина***	предперење	брзо перење	дополнително плакнење	Сушење	дополнително сушење	Исушено за дипање	Исушено за пеглање	Временски ограничено сушење-минути	Избор на опсег на температура °C
Cotton Dry	-	5	35	2.75	1200				*	•	•	•	•	-
Synthetic Dry	-	3	22	1.70	-				*		•	•	•	-
BabyProtect+ Wash & Dry	60	2	120	3.80	1200			*	*	•	•	•	•	90-30
5 kg Wash&Dry	60	5	94	5.00	1200				*	•	•	•	•	60-Студено
Wash&Wear	30	0.5	35	0.60	1000			•	*				•	30-Студено
Wash&Wear	30	1	44	1.00	1000			•	*				•	30-Студено

ИНФОРМАЦИЈА

Информации за организациите што ги спроведуваат тестирањата

Информации за организациите што ги спроведуваат тестирањата

„Тестирање на работата на машината за енергетските етикети од ЕУ се извршени во програмата „Памук еко 60°C“ согласно стандардот EN 50229.

Согласно стандардот EN 50229 за енергетските етикети за сушењето од ЕУ, максималното полнење за перење треба да биде поделно во групи како максимално полнење за сушење и преостанато полнење за сушење, а потоа секое полнење треба да се исуши согласно опцијата „Екстра сушење на памук“.

5.11 Избор на дополнителна функција

Изберете ги саканите дополнителни функции пред да вклучите програма. Кога ќе изберете програма, засветуваат и сијаличките за дополнителните функции што може да се изберат заедно со програмата.



ИНФОРМАЦИЈА

- *Сијаличката за дополнителна функција што не може да се избере со тековната програма нема да свети. Кога ќе ги притиснете копчињата за овие дополнителни функции, ќе слушнете звук, изборот ќе биде спречен.*

Ако перењето ја достигнало точката кога не може да се избере дополнителна функција, функцијата не може да се избере.

ИНФОРМАЦИЈА

- *Некои функции не може да се изберат заедно. Ако втората дополнителна функција не одговара со првоизбраната пред вклучување на машината, првоизбраната функција ќе се откаже, а ќе остане активна второизбраната функција. На пример, ако сакате да изберете брзо перење откако сте избрале предперење, предперењето ќе се откаже, а ќе остане активно брзо перење.*
- *Не може да се избере дополнителна функција што не е компатибилна со програмата. (Видете „Табела за програми и потрошувачка“)*
- *Некои програми имаат дополнителни функции што мора да работат со избраната програма. Овие функции не може да се откажат. Сијаличката за дополнителната функција е веќе избрана.*

Ракување со производот

ИНФОРМАЦИЈА

- *Ако изборот на нивото на влажност (суво за пеглање, суво за диплење, совршено исушено за во плакар) не може да се достигне на крајот на сушењето, машината автоматски ќе го продолжи времетраењето на програмата. Програмата ќе трае подолго.*
- *Ако ја изберете програмата за временски ограничено сушење, програмата ќе заврши на крајот на периодот за сушење дури и ако алиштата не се суви.*
- *Ако изборот на нивото на влажност (суво за пеглање, суво за диплење, совршено исушено за во плакар) ќе се достигне во текот на циклусот или ако се открие дополнително сушење со опциите за временски ограничено сушење, програмата ќе заврши за пократко време. Намалувањето на времето ќе се прикаже на екранот.*

• предперење

Предперењето е корисно само за многу извалкани алишта. Кога не користите предперење, штедите ел. енергија, вода, детергент и време.

• брзо перење

Оваа функција се користи со програмите за памук и синтетика. Така се намалува времето за перење за малку извалкани алишта, како и бројот на плакнења.

ИНФОРМАЦИЈА

- *Кога и да ја изберете оваа функција, полнете ја машината со половина од максималниот капацитет што е посочен во табелата за програми.*

• дополнително плакнење

Оваа функција ѝ овозможува на машината да изврши дополнително плакнење покрај она што го врши по главното перење. Така, ризикот за чувствителната кожа (бебиња, алергична кожа итн.) се намалува со тоа што се намалуваат остатоците од детергент на алиштата.

ИНФОРМАЦИЈА

- *При првото притискање, машината ќе изведе едно дополнително плакнење, а со второто притискање, машината ќе изврши двојно дополнително плакнење, додека третото притискање ќе ја откаже функцијата.*

• Сушење

Оваа функција обезбедува сушење на алиштата по перењето. Проверете со кои програми може да се избере оваа дополнителна функција во табелата за програми.

5.12 Фази на сушење

5.12.1 Исушено за пеглање

Сушењето се изведува додека не го достигне нивото на фазата кога се исушени за пеглање.

5.12.2 Исушено за диплење

Сушењето се изведува додека не го достигне нивото на фазата кога се исушени за диплење.

5.12.3 дополнително сушење

Сушењето се изведува додека не го достигне нивото на фазата кога се соодветно исушени за диплење и ставање во плакар.

ИНФОРМАЦИЈА

- *Нивото на сувост може да се менува во зависност од мешавината, видот на ткаење/плетење, количината и нивото на влажност на алиштата.*
- *Производите што содржат додатоци како на пример тантела, тул, камења, монистра, нитни, жица и производи со висока содржина на свила не смеат да се сушат во машина.*

5.12.4 Временски ограничено сушење

Изберете 30, 90 или 150 минути за период на сушење за да го достигнете саканото ниво на сушење на ниска температура.

ИНФОРМАЦИЈА

- *Кога сушите мала количина алишта (најмногу 2 парчиња), треба да изберете чекори за временски ограничено сушење во програмите за сушење памук или синтетика.*
- *Ако алиштата не се исушени на задоволителното ниво на крајот на програмата за сушење, може да избере временски ограничено сушење за да ја завршите постапката.*
- *Кога е избрана оваа функција, машината изведува сушење до прилагоденото време, независно од степенот на сувост.*

5.13 Екран за време

Преостанато време до крај на програмата додека работи машината се прикажува како „01:30“ во формат на часови и минути.

ИНФОРМАЦИЈА

- *Времето на програмата може да се разликува од вредностите во „Табелата за програми и потрошувачка“ во зависност од притисокот на водата, тврдоста на водата и температурата, температурата во просторијата и количината и видот на алиштата, избраните дополнителни функции и промените во напонот на струјата.*

5.14 Време за крај



Со функцијата **Време за крај**, вклучувањето на програмата може да се одложи до 24 часа. По притискање на копчето **Време за крај**, се прикажува проценетото време на завршување на програмата. Ако се прилагоди **Време за крај**, ќе светне индикаторот на **Време за крај**.

За да ја вклучите функцијата за време на завршување и програмата да заврши во наведеното време, мора да го притиснете копчето **вклучување / паузирање** по прилагодување на времето. Копчето **вклучување / паузирање** престанува

да трепка и продолжува континуирано да свети.

Ако сакате да ја откажете функцијата за време на завршување, притискајте го копчето **Време за крај** додека не се изгасне сијаличката за времето на завршување или притиснете го копчето за **Вклучување / исклучување** за да ја исклучите и вклучите машината.

1. Отворете ја вратата за полнење, ставете ги алиштата и ставете детергент, итн.
2. Изберете програма за перење, температура, брзина на центрифуга и доколку е потребно, дополнителни функции.
3. Поставете го времето на завршување по ваш избор со притискање на копчето **Време за крај**. Ќе светне сијаличката за **Време за крај**.
4. Притиснете го копчето за **вклучување / паузирање**. Одбројувањето започнува. Знакот „:“ во средината на времето на завршување започнува да трепка на екранот.

ИНФОРМАЦИЈА

- *Не користете течни детергенти кога ќе је вклучите функцијата Време за крај! Постои ризик од обојување на алиштата.*
- *Вратата за полнење останува заклучена додека се одбројува времето за крај. За да ја отклучите вратата, машината треба да се префрли во режимот за пауза ако го притиснете копчето за вклучување/паузирање програми. На крајот на одбројувањето, симболот за време на завршување исчезнува, започнува циклусот на перење, а времето за избраната програма се појавува на екранот.*
- *Кога ќе заврши изборот за време на завршување, времето се појавува на екранот и се состои од времето на завршување плус времетраењето на избраната програма.*

5.15 Вклучување на програмата



1.Притиснете го копчето за **вклучување / паузирање** за да ја вклучите програмата.

2.Сијаличката за **вклучување / паузирање** што трепкаше, сега свети постојано, посочувајќи дека програмата е вклучена.

3.Вратата за полнење е заклучена. Симболот за заклучена врата ќе се појави на екранот кога ќе се заклучи вратата за полнење.

5.16 Заклучување на вратата за полнење



Вратата за полнење на машината има систем за заклучување којшто спречува отворање на врата во случаи кога нивото на водата не е соодветно.

Сијаличката за заклучена врата засветува на панелот кога ќе се заклучи вратата.

5.17 Менување на изборот откако ќе се вклучи програма

5.17.1 Додавање алишта откако ќе се вклучи програма:



Ако нивото на водата во машината е соодветно кога ќе го притиснете копчето за **вклучување / паузирање** , сијаличката за заклучена врата ќе се исклучи.

Ако нивото на вода во машината не е соодветно кога ќе го притиснете копчето за **вклучување / паузирање**, панелот ќе прикаже дека вратата за полнење е заклучена.

5.17.2 Префрлување на машината во режим за паузирање:



Притиснете го копчето за **вклучување / паузирање** за да ја префрлите машината во режим на пауза.

5.17.3 Менување на изборот на програмата по вклучување на програма:

Не може да се смени програма кога во моментот работи тековно избраната програма.

Ако го свртите регулаторот за **Избор на програми** додека програмата работи, ќе слушнете звук којшто посочува дека менувањето е забрането.

Може да изберете нова програма откако ќе ја ставите тековната програма во режим на паузирање.

ИНФОРМАЦИЈА

- *Новоизбраната програма започнува од почетокот.*

5.17.4 Менување дополнителна функција, брзина на центрифуга и температура

Во зависност од фазата од програмата, може да ги откажете или активирате дополнителните функции. Видете „Избор на дополнителна функција“.

Исто така, може да ги менувате поставките за брзина на центрифугата, температура и сушење. Видете „Избор на брзина на центрифугата“ и „Избор на температура“.

ИНФОРМАЦИЈА

- *Вратата за полнење нема да се отвори ако температурата на водата во машината е висока или ако нивото на водата е над зададената линија на отворот на вратата.*

5.18 Заштита за деца

Користете ја функцијата за заштита за деца за да ги спречите децата да си играат со машината. Така ќе избегнете какви било промени во програмата што е вклучена.

ИНФОРМАЦИЈА

- *Може да ја вклучувате и исклучувате машината преку копчето Вклучено / Исклучено кога е активна заштитата за деца. Кога повторно ќе ја вклучите машината, програмата ќе продолжи оттаму каде што била запрена.*
- *Кога е активирана заштитата за деца, ќе се огласи звучно предупредување ако се притиснат копчињата.*

5.18.1 За да ја активирате заштитата за деца:



Притиснете и држете ги истовремено второто и третото копче за дополнителни функции 3 секунди. Кога ќе заврши одбројувањето на екранот „Child 3-2-1“, на екранот се појавува „Child Lock Enabled“. Пуштете ги копчињата за **втората и третата дополнителна функција** кога ќе се прикаже ова предупредување.

5.18.2 За да ја дезактивирате заштитата за деца:



Притиснете и држете ги истовремено второто и третото копче за дополнителни функции 3 секунди. Кога ќе заврши одбројувањето на екранот „Child 3-2-1“, „Child Lock Enabled“ се исклучува на екранот.

5.19 Откажување програма



Програмата се откажува кога машината ќе се исклучи и вклучи повторно. Притиснете и задржете го копчето **Вклучено/Исклучено** 3 секунди. Кога ќе

завршиодбројувањетонаекранот „3-2-1“, машинатасеисклучува.

ИНФОРМАЦИЈА

- *Ако го притиснете копчето за вклучување / исклучување кога е активирана заштитата за деца, програмата нема да се откаже. Треба да ја откажете прво заштитата за деца. Одбројувањето како „3-2-1“ се појавува на екранот.*
- *Ако сакате да ја отворите вратата откако сте ја откажале програмата, но тоа не е можно бидејќи нивото на водата во машината е над граничникот на вратата, тогаш свртете го регулаторот за избор на програмата до Пумпа + Центрифуга за да ја испуштите водата од машината.*

5.20 Крај на програмата

Индикаторот за крај на програмата ќе засвети штом програмата ќе заврши и ќе слушнете звук.

Ако не притиснете ниту едно копче во рок од 2 минути, машината ќе се префрли во режим на мирување. Екранот и сите индикатори се исклучени.

Ако притиснете некое копче или го свртите регулаторот за **Избор на програми** кога машината е во режим на мирување, фазите на програмата што се завршени ќе се појават на екранот.

5.21 Машината е опремена со „Режим за мирување“.

Откако ќе ја вклучите машината со копчето за вклучување/исклучување и ако не започне програма или не се врши друга постапка во избраната етапа, или, пак нема никакво дејство околу 2 минути откако ќе заврши избраната програма, машината автоматски ќе се префрли во режим за заштеда на струја. Исто така, ако производот има екран што го прикажува времето на програмата, овој екран ќе се исклучи потполно. Светилките и приказот ќе се вратат на претходната состојба ако го свртите регулаторот за избор на програмата или ако притиснете некое копче. Ќе се сменат изборите што сте ги направиле при излез од режимот за заштеда на струја. Проверете дали е точен изборот пред да ја вклучите програмата. Направете ги поставките одново ако е потребно. Ова не е грешка.

6 Одржување и чистење

Работниот век на производот е продолжен и проблемите што често се појавуваат ќе се намалат ако производот се чисти во редовни интервали.

6.1 Чистење на фиоката за детергент



Чистете ја фиоката за детергент редовно (секои 4-5 циклуси на перење) како што е прикажано подолу за да спречите наталожување на детергент.

1 Извадете го сифонот со подигање одзади како што е прикажано на сликата. Откако ќе го завршите долупосоченото чистење, ставете го сифонот на место и притиснете го предниот дел надолу за да обезбедите дека забецот за заклучување ќе се активира.

ИНФОРМАЦИЈА

- *Сифонот мора да се исчисти ако започне да се собира повеќе од нормална количина вода и омекнувач во одделот за омекнувач.*

2.Измијте ги фиоката и сифонот со голема количина млака вода под чешма. За да спречите остатоците да дојдат во контакт со вашата кожа, исчистете го апаратот со соодветна четка носејќи ракавици на рацете.

3 Вратете ја фиоката на место по чистењето и проверете дали е наместена правилно.

6.2 Чистење на вратата и на барабанот

Погледнете Работа со производот - Програми за производите со програма за чистење на барабанот.

За производите што немаат програма за чистење на барабанот, следете ги долунаведените чекори за да го **исчистите барабанот**:

Изберете ги дополнителните функции **Дополнителна количина вода** или **Дополнително плакнење**. Употребете ја **програмата** за памук без претперење. Поставете ја **температурата на нивото што е препорачано на средството за чистење барабани** кое може да се купи во продавница**.** Применете ја постапката **без алишта во производот.** Пред да ја вклучите програмата, ставете 1 кесичка специјално средство за чистење барабани (ако не можете да најдете специјално средство, ставете макс. 1 кафена лажичка (100 гр) прашок против бигор) во преградата за главно перење. Ако средството против бигор е во форма на таблета, ставете една во одделот за главно перење бр. „2“. Исушете ја внатрешноста на барабанот со чиста крпа кога ќе заврши програмата.

ИНФОРМАЦИЈА

- *Повторувајте ја постапката за чистење на барабанот секои 2 месеци.*
- *Користете средство против бигор што е соодветно за машини за перење.*

По секое перење, проверете дали останале страни тела во барабанот.

Отворете ги отворите се чепкалка за заби ако оние коишто се прикажани на сликата подолу се блокирани.

ИНФОРМАЦИЈА

- *Страни тела од метал ќе предизвикаат дамки од ’рѓа на барабанот. Исчистете ги дамките на барабанот со средства за чистење не’рѓосувачки челик. Никогаш не користете челична волна или челична жица.*

ВНИМАНИЕ

- **Никогаш не користете сунѓер или материјали за триење. Така ќе ги оштетите обоените, хромираните и пластичните површини.**

6.3 Чистење на куќиштето и на контролниот панел

Избришете ја шасијата на машината со вода и сапун или меки детергенти во форма на гел коишто не предизвикуваат корозија ако е неопходно и потоа исушете со мека крпа.

Користете само мека и сува крпа за да го исчистите контролниот панел.

6.4 Чистење на филтрите за довод на вода



Има филтер на крајот на секој вентил за довод на вода од задната страна на машината, како и на крајот на секое црево за довод на вода каде што се закачени за славината. Овие филтри спречуваат страни тела и нечистотија од водата да навлезат во машината. Филтрите треба да се исчистат кога ќе се извалкаат.

1.Затворете ги славините.

2.Извадете ги навртките на цревата за довод на вода за да пристапите до филтрите на вентилите за довод на вода. Исчистете ги остатоците на нив со соодветна четка. Ако филтрите се многу нечисти, извадете ги со клешта и исчистете ги на овој начин.

3.Извадете ги филтрите на рамните краеви на цревата за довод на вода заедно со дихтунзите и исчистете ги темелно под млаз вода.

4. Ставете ги дихтунзите и филтрите на место внимателно и затегнете ги цревата рачно.

6.5 Испуштање на преостанатата вода и чистење на филтерот на пумпата

Системот со филтер на машината спречува цврсти предмети како копчиња, монети или влакна од ткаенини да ја затнат пумпата кога се испушта водата. Така, водата ќе се испушта без проблеми, а рокот на траење на пумпата ќе се продолжи.

Ако машината не успее да ја испушти водата, филтерот на пумпата е запушен. Филтерот мора да се чисти секогаш кога е запушен или на секои 3 месеци. Водата прво мора да се испушти за да се исчисти филтерот на пумпата.

Понатаму, пред транспорт на машината (на пр. кога ја преместувате во друга куќа) и во случај на замрзнување на водата, истата мора да се испушти целосно.

Одржување и чистење

ВНИМАНИЕ

- **Страни предмети што се останати во филтерот на пумпата можат да ја оштетат машината или да предизвикаат проблем со бучава.**
- **Ако производот нема да се користи, затворете ја славината, извадете ги цревата за довод и одвод и испуштете ја водата од внатрешноста на машината за да не дојде до замрзнување.**
- **По секоја употреба, затворете ја славината за вода на која е поврзано доводното црево.**

1.Исклучете ја машината од довод на ел. енергија за да го чистите извалканиот филтер и да ја испуштите водата.

ВНИМАНИЕ

- **Температурата на водата во машината може да се зголеми до 90º C. За да избегнете ризик од изгореници, исчистете го филтер откако ќе се излади водата во машината.**

2.Отворете го капакот на филтерот.



Притиснете го јазичето на капачето на филтерот надолу и повлечете го капачето кон вас.



3. За да ја испуштите водата од машината.

a Повлечете го цревото за итно испуштање од лежиштето.

b Ставете голем сад на крајот на цревото. Испуштете ја водата во садот со повлекување на рачката на крајот на цревото. Кога садот ќе се наполни, блокирајте го излезот на цревото со ставање на приклучокот. Кога садот ќе се испразни, повторете ја горепосочената постапка за да ја испуштите целосно водата во машината.

c Кога ќе заврши испуштањето на водата, затворете го крајот со чепот повторно и фиксирајте го цревото на свое место.

d Свртете го извадете го филтерот на пумпата.

4.Исчистете ги остатоците во филтерот како и конците, ако ги има и околу областа на пумпата.

5.Заменете го филтерот.

6.Затворете го капакот на филтерот.

7 Решавање проблеми

Програмите не се вклучуваат кога ќе се затвори вратата.

Копче за вклучување / паузирање / откажување не е притиснато.>>> **Притиснете го копчето за вклучување/паузирање/откажување.*

Програмата не може да започне да работи или да се избере.

- Машината се префрлила во режим за самозаштита заради проблем со инфраструктурата (како еднонасочна струја, притисок на водата, итн.). >>> *Притиснете го копчето вклучување/паузирање/откажување 3 секунди за да ја ресетирате машината на фабричките поставки. (Видете „Откажување на програмата“)*

Вода во машината

- Останала малку вода во производот заради процесот за контрола на квалитетот во производството. >>> *Ова не е грешка, водата не е штетна за машината.*

Протекува вода од дното на машината.

- Има проблем со цревата или со филтерот на пумпата. >>> *Проверете дали се добро наместени заптивките на доводните црева. Цврсто наместете го цревото на славината.*
- Филтерот на пумпата не е затворен правилно. >>> *Уверете се дека филтерот за пумпата е правилно затворен.*

Машината не се полни со вода.

- Славината е затворена. >>> *Отворете ги славините.*
- Цревото за довод е превиткано. >>> *Исправете го цревото.*
- Филтерот за довод на вода е затнат. >>> *Исчистете го филтерот.*
- Вратата за полнење не е затворена. >>> *Затворете ја вратата за полнење.*

Машината не ја испушта водата.

- Цревото за одвод на водата е затнато или превиткано. >>> *Исчистете го или исправете го цревото.*
- Филтерот на пумпата е затнат. >>> *Исчистете го филтерот на пумпата.*

Машината вибрира или работи бучно.

- Машината не стои стабилно. >>> *Прилагодете ги ногарките за да ја израмните машината.*
- Тврд предмет навлегол во филтерот на пумпата. >>> *Исчистете го филтерот на пумпата.*
- Шрафовите за транспорт не се извадени. >>> *Извадете ги шрафовите за транспорт.*
- Количината на алишта во машината е мала. >>> *Додајте повеќе алишта во машината.*
- Машината е преоптоварена со алишта. >>> *Извадете дел од алиштата од машината или подеднакво распределете ги алиштата со рака во машината.*
- Машината се потпира на тврда површина. >>> *Машината не смее да се потпира на ништо.*

Машината престана да работи кратко време по започнување на програмата.

- Машината привремено застанува заради низок напон. >>> *Ќе продолжи да работи кога напонот ќе се врати на нормално ниво.*

Решавање проблеми

Машината директно ја испушта водата како што ја прима.

- Цревото за одвод не е поставено на соодветна висина. >>> *Поврзете го цревото за одвод на водата како што е опишано во упатството за употреба.*

Во машината не се гледа водата додека пере.

- Нивото на водата не е видливо од надвор од машината за перење. Ова не е дефект.

Вратата за полнење не може да се отвори.

- Бравата на вратата се активирала заради нивото на вода во машината. >>> *Испуштете ја водата пуштајќи ја програмите Пумпа или Центрифуга.*
- Машината ја загрева водата или е во фаза на центрифуга. >>> *Почекајте да заврши програмата.*
- Бравата на вратата за полнење е активирана. Бравата на вратата ќе се исклучи неколку минути откако ќе заврши програмата. >>> *Почекајте неколку минути за да се исклучи бравата на вратата.*

Перењето трае подолго од наведеното во упатството за употреба.(*)

- Притисокот на водата е низок. >>> *Машината чека додека не се наполни со соодветна количина вода за да спречи слаби резултати при перењето заради намалената количина на вода. Затоа, времето на перење ќе се продолжи.*
- Напонот е низок. >>> *Времето на перење се продолжува за да се избегнат лоши резултати при перењето кога напонот е низок.*
- Влезната температура на водата е ниска. >>> *Потребното време за загревање на водата трае подолго во студените сезони. Исто така, времето на перење може да се продолжи за да се избегнат лоши резултати при перењето.*
- Бројот на плакнења и/или количината на вода за плакнење се зголемени. >>> *Машината ја зголемува количината на вода за плакнење кога е потребно добро плакнење и додава дополнително плакнење ако е неопходно.*
- Има прекумерна пена и системот за автоматска апсорпција на пената се активирал заради премногу детергент. >>> *Користете ја препорачаната количина на детергент.*

Програмата не одбројува. (само кај моделите со екран) (*)

- Тајмерот може да запре кога машината прима вода. >>> *Индикаторот за тајмерот нема да одбројува додека машината не прими соодветна количина вода. Машината ќе чека сè додека не прими доволно вода за да се избегнат незадоволителни резултати од перењето заради недостаток на вода. Потоа, индикаторот на тајмерот ќе продолжи да одбројува.*
- Тајмерот може да запре при загревање. >>> *Индикаторот на тајмерот нема да одбројува додека машината не ја достигне избраната температура.*
- Тајмерот може да запре при центрифугирање. >>> *Системот за автоматско откривање на нерамномерно распоредени алишта ќе се активира заради нерамномерното распоредување на алиштата во барабанот.*

Програмата не одбројува. (*)

- Алиштата не се правилно распореди во машината. >>> *Системот за автоматско откривање на нерамномерно распоредени алишта ќе се активира заради нерамномерна распореденост на алиштата во барабанот.*

Решавање проблеми

Машината не се префрла на фаза на центрифугирање. (*)

- Алиштата не се правилно распореди во машината. >>> *Системот за автоматско откривање на нерамномерно распоредени алишта ќе се активира заради нерамномерна распореденост на алиштата во барабанот.*
- Машината нема да центрифугира ако водата не е целосно испуштена. >>> *Проверете ги филтерот и цревото за одвод.*
- Има прекумерна пена и системот за автоматска апсорпција на пената се активирал заради премногу детергент. >>> *Користете ја препорачаната количина на детергент.*

Слаби резултати при перењето: Алиштата посивуваат. (**)

- Употребена е недоволна количина детергент подолг временски период. >>> *Користете ја препорачаната количина детергент соодветна за тврдоста на водата и алиштата.*
- Перењето било изведувано при ниски температури подолг временски период. >>> *Изберете ја соодветната температура за перење на алиштата.*
- Користена е недоволна количина детергент кај тврда вода. >>> *Користењето недоволна количина детергент со тврда вода предизвикува нечистотијата да се залепи на алиштата и тие да станат сиви со тек на време. Многу е тешко да се отстрани сивата боја кога еднаш ќе се нафати на алиштата. Користете ја препорачаната количина детергент соодветна за тврдоста на водата и алиштата.*
- Употребена е прекумерна количина детергент. >>> *Користете ја препорачаната количина детергент соодветна за тврдоста на водата и алиштата.*

Слаби резултати при перењето: Дамките не се отстрануваат или алиштата не се белат. (**)

- Се користи недоволна количина детергент. >>> *Користете ја препорачаната количина детергент соодветна за алиштата.*
- Ставена е преголема количина алишта. >>> *Не преполнувајте ја машината. Наполнете ја со количината препорачана во „Табела со програми и потрошувачка“.*
- Избрани се погрешни програма и температура. >>> *Изберете ги соодветната програма и температура за перење на алиштата.*
- Се користи погрешен вид на детергент. >>> *Користете оригинален детергент соодветен за машината.*
- Детергентот е ставен во погрешната преграда. >>> *Ставете детергент во соодветната преграда. Не мешајте средство за белење и детергент.*

Слаби резултати при перењето: Се појавуваат маслени дамки на алиштата. (**)

- Барабанот не е чистен редовно. >>> *Чистете го барабанот редовно. За ова, погледнете 6.2.*

Слаби резултати при перењето: Алиштата мирисаат непријатно. (**)

- Мириси и слоеви бактерии се формираат во барабанот како резултат на континуирано перење при ниски температури и/или кратки програми. >>> *Оставете ги подотворени фиоката за детергент и вратата за полнење после секое перење. Така ќе се спречи влажна средина во машината погодна за бактерии.*

Решавање проблеми

Бојата на алиштата избледува. (**)

- Ставена е преголема количина алишта. >>> *Не преполнувајте ја машината.*
- Детергентот што го користите е влажен. >>> *Чувајте ги детергентите затворени, во средина каде нема влага и не изложувајте ги на многу високи температури.*
- Избрана е повисока температура. >>> *Изберете ги соодветната програма и температура, според видот на алишта и нивото на извалканост.*

Машината за перење не плакне добро.

- Количината, марката и условите на чување на детергентот не се соодветни. >>> *Користете детергент соодветен за машината и за вашите алишта. Чувајте ги детергентите затворени, во средина каде нема влага и не изложувајте ги на многу високи температури.*
- Детергентот е ставен во погрешната преграда. >>> *Ако детергентот е ставен во преградата за предперење, иако не е избран циклус за предперење, машината може да го земе овој детергент во текот на фазата на плакнење или омекнување. Ставете детергент во соодветната преграда.*
- Филтерот на пумпата е затнат. >>> *Проверете го филтерот.*
- Цревото за одвод е превиткано. >>> *Проверете го цревото за одвод.*

Алиштата остануваат крути по перењето. (**)

- Се користи недоволна количина детергент. >>> *Користењето недоволна количина детергент според тврдоста на водата може да предизвика алиштата да станат крути со тек на време. Користете соодветна количина детергент согласно тврдоста на водата.*
- Детергентот е ставен во погрешната преграда. >>> *Ако детергентот е ставен во преградата за предперење, иако не е избран циклус за предперење, машината може да го земе овој детергент во текот на фазата на плакнење или омекнување. Ставете детергент во соодветната преграда.*
- Детергентот се измешал со омекнувачот. >>> *Не мешајте го омекнувачот со детергентот. Измијте ја и исчистете ја фиоката со жешка вода.*

Алиштата не мирисаат на омекнувачот. (**)

- Детергентот е ставен во погрешната преграда. >>> *Ако детергентот е ставен во преградата за предперење, иако не е избран циклус за предперење, машината може да го земе овој детергент во текот на фазата на плакнење или омекнување. Измијте ја и исчистете ја фиоката со жешка вода. Ставете детергент во соодветната преграда.*
- Детергентот се измешал со омекнувачот. >>> *Не мешајте го омекнувачот со детергентот. Измијте ја и исчистете ја фиоката со жешка вода.*

Решавање проблеми

Има остатоци од детергентот во фиоката за детергент. (**)

- Детергентот е ставен во влажна фиока. >>> *Исушете ја фиоката за детергент пред да ставите детергент во неа.*
- Детергентот е влажен. >>> *Чувајте ги детергентите затворени, во средина каде нема влага и не изложувајте ги на многу високи температури.*
- Притисокот на водата е низок. >>> *Проверете го притисокот на водата.*
- Детергентот во главната преграда станал влажен додека машината примала вода за предперење. Отворите во преградата за детергент се затнати. >>> *Проверете ги отворите и исчистете ги ако се затнати.*
- Има проблем со јазичињата на фиоката за детергент. >>> *Повикајте овластен сервисер.*
- Детергентот се измешал со омекнувачот. >>> *Не мешајте го омекнувачот со детергентот. Измијте ја и исчистете ја фиоката со жешка вода.*

Има остатоци од детергент на алиштата. (**)

- Ставена е преголема количина алишта. >>> *Не преполнувајте ја машината.*
- Избрани се погрешни програма и температура. >>> *Изберете ги соодветната програма и температура за перење на алиштата.*
- Бил користен погрешен детергент. >>> *Изберете го соодветниот детергент за перење на алиштата.*

Во машината има многу пена. (**)

- Се користеле несоодветни детергенти за машината. >>> *Користете детергенти соодветни за машината за перење.*
- Се користи прекумерна количина детергент. >>> *Ставајте ја само доволната количина детергент.*
- Детергентот бил чуван во несоодветни услови. >>> *Чувајте го детергентот затворен и на суво место. Не чувајте го на многу топли места.*
- Некои мрежести алишта, како на пример тул, може да произведат многу пена поради нивната текстура. >>> *Користете помала количина детергент за овој вид алишта.*
- Детергентот е ставен во погрешната преграда. >>> *Ставете детергент во соодветната преграда.*
- Омекнувачот е земен многу рано. >>> *Ова е проблем со вентилите или со фиоката за детергент. Повикајте овластен сервисер.*

Излегува пена од фиоката за детергент.

- Се користи преголема количина детергент. >>>>*Измешајте 1 голема лажица омекнувач и ½ литар вода и истурете го во одделот за главно перење во фиоката за детергент.*
- Ставете детергент во машината што е соодветен за програмите и за максималното полнење што е посочено во „Табелата за програми и потрошувачка“. Намалете ја количината на детергент кога користите дополнителни хемиски средства (отстранувач за дамки, белило и сл.)

Алиштата се мокри на крајот на програмата (*)

- Има прекумерна пена и системот за автоматска апсорпција на пената се активирал заради премногу детергент. >>> *Користете ја препорачаната количина на детергент.*

Решавање проблеми

(*) Машината не префрлува во фазата на центрифугирање кога алиштата не се правилно распоредени во барабанот за да се спречи оштетување на машината и на околината околу неа. Алиштата треба да се прераспоредат и одново да се извртат.
(**) Барабанот не е чистен редовно. >>> *Чистете го барабанот редовно. Видете 6.2*

Сушењето трае многу долго.

- Ставена е преголема количина алишта. >>> *Не преполнувајте ја машината.*
- Алиштата не се доволно центрифугирани.>>> *Вклучете поголема брзина за центрифугата при перењето кај машината за сушење-перење.*
- Славината е затворена. >>> *Отворете ги славините.*

Алиштата се уште влажни по сушењето.

- Не била избрана соодветна програма за алиштата.>>>*Проверете ги етикетите за грижа на алиштата и изберете ја соодветната програма или додајте временски ограничени програми.*
- Ставена е преголема количина алишта. >>> *Не преполнувајте ја машината.*
- Алиштата не се доволно центрифугирани.>>> *Вклучете поголема брзина за центрифугата при перењето кај машината за сушење-перење.*

Машината не се вклучува или програмата не може да започне.

- Кабелот за струја не е вклучен.>>> *Проверете дали кабелот за струја е вклучен.*
- Програмата не е поставена или копчето за вклучување/паузирање/откажување не е притиснато. >>> *Проверете дали е поставена програмата и дали машината е во режим за мирување.*
- Активирана е заштитата за деца. >>> *Дезактивирајте ја заштитата за деца.*

Алиштата се собрани, избледени, пожолтени или оштетени.

- Не била избрана соодветна програма за алиштата.>>>*Проверете ги етикетите за грижа на алиштата и изберете ја соодветната програма или додајте временски ограничени програми. Не смеете да сушите алишта што не се соодветни за сушење.*

Машината не суши.

- Алиштата не се исушени или чекорот за сушење не бил вклучен. >>> *Проверете дали функцијата за сушење е избрана откако ќе ја изберете програмата за перење.*

Вратата за полнење не може да се отвори.

Вратата на машината не се отвора од безбедносни причини.>>>*Ако индикаторот за заклучена врата уште свети на екранот по сушењето, машината ја држи вратата заклучена додека не се излади за вашата безбедност.*

ВНИМАНИЕ

Ако не може да го елиминирате проблемот и покрај тоа што сте ги следеле упатствата во ова поглавје, консултирајте се со застапникот или со овластениот сервис. Никогаш не обидувајте се сами да го поправате расипаниот производ.

www.beko.com